***З А П И С Н И К***
***од 12-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 27.07.2022 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со почеток во 9 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Нестороски. На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски.

Од општинската администрација присутни беа Марина Поповска, Катерина Огненовска и Злате Бошевски. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

Усвојување на записник од 11 седница на Совет на општина Демир Хисар

За усвојување на записникот гласаа 11 „за“.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Донесување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година.

2.Донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година.

3.Донесување на Одлука за формирање на Партиципативно тело за Урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар.

4. Донесување на Деловник за работа на Партиципативното тело за Урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар.

5.Донесување на Решение за избор на членови на Иницијативен одбор за формирање на Локално собрание на млади на Општина Демир Хисар.

6. Донесување на Одлука за отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е1.13- фотоволтаични електрани со капацитет до 10 MW во КО Суво Грло, Општина Демир Хисар

**7.**Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.461/1 и, КП бр.2067, КО Прибилци и КП бр.4022, КП бр.4009, КП бр.5108 и КП бр.5068 за КО Сопотница, Општина Демир Хисар

8.Донесување на Одлука за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022год**.**

9. Донесување на Одлука за ставање вон сила Одлуката за давање на користење на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица бр.17-809/2 од 05.08.2021 година.

10. Донесување на Одлука за овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар за спроведување постапка за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица.

11.Донесување на Одлука за прифаќање на намери од компанијата Р-ВЕЈ ДООЕЛ Скопје и склучување на договор за изработка на студија за Општински развој- скрининг (изработка на економски катастар на ресурси и потенцијали) на Општина Демир Хисар.

12. Разгледување на барање од Благоја Шундовски од Демир Хисар.

13. Разгледување на барање од ДООЕЛ ТИ- НАТ Демир Хисар.

14.Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополување на Дневниот ред и тоа како точка 6.Донесување на Одлука за отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е1.13- фотоволтаични електрани со капацитет до 10 MW во КО Суво Грло, Општина Демир Хисар точка 7.Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.461/1 и, КП бр.2067, КО Прибилци и КП бр.4022, КП бр.4009, КП бр.5108 и КП бр.5068 за КО Сопотница, Општина Демир Хисар и точка 8.Донесување на Одлука за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022година исто така и точка 13 Разгледување на барање од ДООЕЛ ТИ-НАТ Демир Хисар. Во предложениот Дневен ред да се направи и исправка наместо Одлука за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица се ставаат точка 9. Одлука за ставање вон сила Одлуката за давање на користење на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица бр.17-809/2 од 05.08.2021 година и точка 10. Одлука за овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар за спроведување постапка за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица како што беше и седничкиот материјал доставен. Други предлози немаше. За усвојување на Дневниот ред со измените и дополнувањето гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 1. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година***

Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година беше усвоена од комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За одлуката објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 2. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година***

Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година беше усвоена од комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За одлуката објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша за усогласување на платите на државните службеници дали треба Советот да донеси одлука или за тоа одлучува градоначалникот, а потоа додаде треба да се одобри вакво усогласување на платите. Советничката Марина Димитријовска праша за лицата кои се вклучени со проектот во детската градинка дали веќе се одбрани и дали се истите лица кои и досега беа ангажирани. Градоначалникот Никола Најдовски објасни имаше оглас се пријавија двете негователки кои беа и досега има две воспитачки тие се нови. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 3. Одлука за формирање на Партиципативно тело за Урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар***

За Одлуката за формирање на Партиципативно тело за Урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 4. Деловник за работа на Партиципативното тело за Урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар***

Во врска со Деловникот за работа на Партиципативното тело за Урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Советничката Сандра Пејковска праша за што одлучува ова тело. Претставникот Катерина Огненовска објасни ова тело само дава мислење. Советничката Пејковска додаде ако дава мислење нема право да носи одлуки. Претставникот Катерина Огненовска даде подетално објаснување околу работата на ова тело. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Деловникот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Решение за избор на членови на Иницијативен одбор за формирање на Локално собрание на млади на Општина Демир Хисар***

Во врска со избор на членови на Иницијативен одбор за формирање на Локално собрание на млади на Општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи во телото да влези и Мирослав Чадевски. Претставникот Катерина Огненовска објасни рокот е завршен, ќе се објави повик за избор на членови во Локалното собрание нека следи и можи да се пријави. Дискуија повеќе немаше. За донесување на решението гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 6. Одлука за отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е1.13- фотоволтаични електрани со капацитет до 10 MW во КО Суво Грло, Општина Демир Хисар***

За Одлуката за отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е1.13- фотоволтаични електрани со капацитет до 10 MW во КО Суво Грло, Општина Демир Хисар на барање на Бранислав Трпчевски од Охрид објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.461/1 и, КП бр.2067, КО Прибилци и КП бр.4022, КП бр.4009, КП бр.5108 и КП бр.5068 за КО Сопотница, Општина Демир Хисар***

За Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.461/1 и, КП бр.2067, КО Прибилци и КП бр.4022, КП бр.4009, КП бр.5108 и КП бр.5068 за КО Сопотница, Општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Имено се работи за пренос на електричната енергија до трафостаницата овде подносител е Зоран Саботковски од Битола. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 8. Одлука за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022година***

За Одлуката за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022година објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 9. Одлука за ставање вон сила Одлуката за давање на користење на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица бр.17-809/2 од 05.08.2021 година***

Градоначалникот Никола Најдовски објасни по завршување на објектот се склучил договор за користење со невладината организација ЗКРР „Орнамент“ од Евгенија Здравевска. Од нејзина страна беше поднесено барање за раскинување на договорот, па согласно обврските мора објектот повторно да се даде на користење. Заради тоа се носи одлука за ставање вон сила на предходната одлука за да се донеси нова одлука и да се јаспише повик да можи повторно да се даде на користење. Мора со објектот да управува непрофитна невладина организација. Проблем ќе биде ако никој не се јави на повикот. Нема логика да се бара закупнина, треба да се организираат културни манифестации и да се одржува многу е тешко да се најде заинтересирана невладина организација. Советничката Сандра Пејковска истакна кога има склучено договор неможи да се откаже така сигурно има одредби, а советничката Ивана Кочовска предложи да се види договорот ако е склучен на 15 години. Советничката Марина Димитријовска праша кога е откажан договорот, сигурно има некои одговорности како е регулирано со договорот. Градоначалникот Најдовски објасни во договорот стои да се одржува и да организира културни настани, а за поголем дефект општината ќе ги сноси обврските што значи и тој е терет на општината. Договорот е откажан пред една недела, според договорот нема никакви обврски. Советничката Марина Димитријовска предложи во новата одлука да подобро регулирано околу обврските. Претставникот Злате Бошевски објасни за Проектот „Откривање на скриените атракции“ финансиран од ЕУ во рамките на ИПА Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија вкупно чинеше

440.000 евра, од кои за општина Демир Хисар беа 240.000 евра. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша кој ги избираше фирмите за изградба. Претставникот Злате Бошевски објасни имаше повик, се јави само една невладина и со неа се склучи договорот. Со договорот се даде на користење на 15 години и немаше одредба кога треба да почни. Пред една недела Евгенија Здравевска поднесе изјава дека се откажува. Советничката Сандра Пејковска праша зошто одлуката се става вон сила. Претставникот Бошевски објасни треба Советот да дозволи да се распише нов повик затоа одлуката се става вон сила и треба да се донеси нова одлука. Советничката Ивана Кочовска откако направи увид во договорот истакна сте прифатиле да се раскине, а не сте морале. Претставникот Злате Бошевски објасни согласно правилата на проектот ако не функционира објектот според намената за која е изграден општината ќе треба да ги враќа средствата. Советот ќе даде овластување на градоначалникот да објави повик, а потоа комисијата за опшествени дејности ќе ги разгледа понудите и Советот ќе донесе конечна одлука. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 10. Одлука за овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар за спроведување постапка за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица***

За Одлуката за овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар за спроведување постапка за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 11. Одлука за прифаќање на намери од компанијата Р-ВЕЈ ДООЕЛ Скопје и склучување на договор за изработка на студија за Општински развој- скрининг (изработка на економски катастар на ресурси и потенцијали) на Општина Демир Хисар***

Во врска со Одлуката за прифаќање на намери од компанијата Р-ВЕЈ ДООЕЛ Скопје и склучување на договор за изработка на студија за Општински развој- скрининг (изработка на економски катастар на ресурси и потенцијали) на Општина Демир Хисар Градоначалникот Никола Најдовски истакна советниците го имаат дописот да видиме што ни нудат, општината нема финансиски обврски, а тие твррдат дека можат да ни помогнат во повеќе свери. Советникот Аце Јанкуловски додаде тие би биле како посредници, а советничката Марина Димитријовска истакна си бараат потенцијални инвеститори. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни од наша страна му беше кажано што е законски. Ова е во интерес на општината. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 12. Разгледување на барање од Благоја Шундовски од Демир Хисар***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците Благоја Шундовски има поставено барање до Советот одобрување на финансиски средства за промоција на романизирана монографска публикација „Бисерни години –естрадни маки големи“ . Во барањето има доставено и апликација за финансиска поддршка во која е објаснет финансискиот план и потребните средства. Советникот Сашо Михајловски истакна промоцијата на книгата се планира на 2 или на 8 септември, идејата е поширока промоција да се направи. Во барањето има наведено 44.500 денари тоа се скромни средства има планирано коктел повеќе гости сето тоа кошта. Ова е доста добро дело вложено е многу труд, групата „Бисер“ имаше и награда за Животно дело, во книгата има и други личности од подрачјето во книга се опфатени не само групата „Бисер“ и други талентирни лица. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде финансиската состојба на општината не е на завидно ниво, респект према гупата „Бисер“, исто и ова дело. Советникот Сашо Михајловски предложи да се одобрат 44.500, денари не се многу пари за ваков настан. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна неговото размислување со оглед на можностите на општината првично било на 40.000, но сепак предложи да се заокружи и да се одобрат 45.000,оо денари. Други предлози немаше. Со 11 „за“ советниците одлучија да се одобрат 45.000 денари.

***ТОЧКА 13. Разгледување на барање од ДООЕЛ ТИ- НАТ Демир Хисар***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги извести советниците до Советот има поднесено барање од ДООЕЛ ТИ- НАТ Демир Хисар да му излеземе во пресрет, бидејќи има многу

високи сметки за вода за чешмата. Кон барањето има копија од сметките на износ од 1.000,оо денари. Затоа предлагам да му се фактурира 15 м3, а не 30 м3. Советничката Сандра Пејковска истакна прво да се види одлуката како е таму регулирано, за да се направи промена треба да се донеси нова одлука. Градоначалникот Никола Најдовски објасни предходно Советот има донесено одлука за јавните чешми, најдобро е да не се брза да се донеси одлука правно издржана. Нека се фактурира овај месец 15 м3 па да се види како е регулирано во одлуката и дали треба да се менува на наредната седница. Советникот Сашо Михајловски се согласи на наредна седница да се расправа одлуката што ќе се донеси да е правно издржана. Советничката Марина Димитријовска предложи да се намести сензор така нема да се троши многу вода. Дискусијата беше исцрпена, расправата по барањето се одложи за наредна седница.

***ТОЧКА 14. Предлози и прашања***

Советничката Марина Димитријовска истакна во Сопотница треба да се поставаат решетки на каналот покрај патот заради безбедност на жителите, ова беше потенцирано на предходната седница исто има и барање до општината. Градоначалникот Никола Најдовски објасни дека е излезено на терен се разгледува и ќе се поставаат. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи ваквите зафати можи да се реализираат во соработка со средното училиште, така нема да се трошат многу средства.

Градоначалникот Никола Најдовски ги запозна советниците има многу барања за работа со машината, постојано е на терен се работи, но многу се населени места многу се барања. Исто така цената на електричната енергија е многу висока улично осветлување има секаде нема потреба од ургенции, зимата ќе биди тешка за сите. Има посериозни проблеми со водоводот во Слепче, има потреба од реконструкција, треба таму да се насочи работата на јавното комунално претпријатие, наместо постојано да чисти патишта. Исто има повик за општинско корисна работа ќе треба да се ангажираат 13 лица за чистење. Што се однесува за барањата од месните за помош на некој активности полесно општината да му обезбеди материјал, а тие сами да обезбедат работна рака, инаку треба да се склучуваат договори со физички лица. Советникот Сашо Михајловски се согласи можи да се најде начин како да се помогне. Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 1065/2
25.08.2022 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.